# Развој на управувањето со комуналниот отпад во РМ

TAIEX/ECRAN 60581

Скопје, 2015

АНА КРАНФИЛОВА МАЗНЕВСКА

РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

# Краток опси на секторот 2

Македонија задолжително треба  да го усогласи својот систем за управување со отпад со стандардите на ЕУ и да ги намали влијанијата од постојната практика на управување со отпад врз животната средина;

Усвојувањето на прописите и инструментите за управување со отпад што се применуваат во земјите на ЕУ претставува обврска на земјата кандидат за членство, но од друга страна ова претставува предизвик за побрзо и поефикасно решавање на проблемите со управувањето со отпадот.

Заради надминување на состојбата, а со цел истовремено искористување на економијата на обемот и реализација на ефективни и ефикасни системи за управување со отпадот, донесени се измени и дополнувања на Законот за управување со отпадот во насока на воспоставување на интегрирано регионално управување со отпадот.

# Краток опис на секторот 1

За поттикнување и развој на управување со отпад на регионално ниво согласно со Стратегијата за управување со отпад и Планот за управување со отпад на РМ:

- општините задолжително склучуваат спогодба за здружување за воспоставување на систем за управување со отпад на регионално ниво.
- формираат на Меѓуопштински одбори за управување со отпад и Регионални центри
- Советите на општините на предлог на Меѓуопштинскиот одбор за управување со отпад донесуваат регионален план за управување со отпад за регионот.Регионалниот план се донесува за период од десет години.

# Краток опси на секторот 3

Надлежности на регионите (помеѓу останатото)

- ја утврдува структурата на инсталациите и објектите за постапување со отпад, како и структурата за развојот на регионалниот систем;
- предлага на советот на општините воспоставување на методологија за единица цена за извршените услуги и други надоместоци во рамките на регионалниот систем;
- одобрува предлози за прашања поврзани за управување со отпад во рамките на регионалниот систем;
- го усвојува буџетот на регионалниот центар за управување со отпад;

Итн.

# До каде сме во моментов?




# Воспставување на регионален систем за управување со отпад 1

Во септември 2014 беа усвоени Регионалните планови за управување со отпад за Источниот и Североисточниот плански регион, пропратени со СЕА процедура за овие два плански документи, финасирани од мерка 3.2 компонента1 од е IPA проектот "Подготовка на Регионални планови за управување со отпад за Источниот и Североисточниот плански регион и СЕА".

Понатаму, подготвени се проектни задачи за "Подготовка на проектни студии (Физизбиити студии, Оценка на влијанието врз животната средина, анализа на трошоци), главен проект и помош за подготовка на на тендерска документација за изградба на регионални депонии и трансфер станици за согласно со ЕУ стандардите Источниот и Североисточниот плански регион ", во висина од 2.5 мил. евра, финансиран од приоритетна оска 3, мерка 3.2 во рамките на оперативната програма за регионален развој 2010-2011. Проектот се очекува да стартува во втората половина на 2015 и ќе се имплементира во период од 24 месеци.

Во тек се две проектни задачи за подготовка на техничка спецификација за јавна набавка на опрема и проектна документација за затворање на нестандардните депонии во овие два региона.

Целта на овие проекти е да се донесат сите плански документи како и тендерска документација и во 2017 година преку ИПА 2 програмата да се аплицира за инфраструктурни проекти за финансирање на изградбата на две регионални депонии и трансфер станици.

# Воспставување на регионален систем за управување со отпад 2

Паралелно со ова, беа подготвени проектни задачи за другите четири региони (Пелагонискиот, Скопје, Вардар и Југозападен), врз основа на кои ќе бидат развиени документи потребни за воспоставување на интегриран и финансиски самоодржлив систем за управување со отпадот во овие региони .

Истите ќе бидат финансирани во рамки на ИПА Компонента 3 - Мерка 3.2 од Оперативната програма за регионален развој (ОПРР) 2007-2009.

Вкупната вредност на проектот е 3,9 милиони евра. Проектот ќе се имплементира во период од 15 месеци.

Целта на проектот е да се подготват четири регионални планови за управување со отпад и физибилити студии за инвестициски проекти со оценка влијанието врз животната средина, финансиска анализа и тендерската документација за апликација за средства за изградба на депонии. Проектот се очекува да започне во втората половина на 2015 година.

# Воспставување на регионален систем за управување со отпад 3

Во септември 2014 година, беше донесена одлука за прекин на  постапката за доделување на концесија за регионално интегрирано управување со комуналниот отпад во Полошкиот плански регион и Југоисточниот плански регион.

Општините во Југоисточниот и Полошкиот плански регион во јануари 2015 година донесоа Одлуки за склучување на спогодба за здружување за воспоставување на систем за управување со отпад на регионално ниво и  формираа Меѓуопштински одбор за управување со отпад (МОУО) и Регионални центри за управување со отпад (РЦУО).

Здружените општини во регионот, се во фаза на донесување на целокупната планска документација и донесена е  заедничка  одлука (преку Меѓуопштинскиот одбор за управување со отпад)  да се распише нов јавен повик за започнување на постапка за доделување на концесија за регионално интергрирано управувањео со комуналниот отпад во во овие два региона..

# Методологија за пресметување на цента за управување со комуналниот отпад 1

Методологијата ги опфаќа сите услуги за постапување со отпад, како и управувачките активности кои се однесуваат на :

1. Примарна селекција на отпад
2. Времено складирање ( во претоварни станици )
3. Собирање на отпад
4. Транспортирање на отпад
5. Превенција и избегнување од отпад
6. Подготовка за повторна употреба и рециклирање
7. Други операции за преработување
8. Отстранување на отпад вклучувајќи и грижа по престанувањето со работа
9. Операции за чистење на т.н. диви депонии

# Методологија за пресметување на цента за управување со комуналниот отпад 2

Цената се формира врз основа на следните елементи:

- количини на собран отпад;
- бројот на физички лица на територијата на општините;
- бројот на правни лица категоризирани спрема дејноста ;
- динамиката на собирање на отпадот ;
- оддалеченост од инсталациите и
- вид на сад за одлагање на отпад и тип на специјално комунално возило.

## Методологија за пресметување на цента за управување со комуналниот отпад 3

**видовите на услуги /постројки за отпад за кој се утврдува цена со обезбедување на целосен поврат на средствата**

**1. Општи трошоци за управување со отпад:**

1.1 Општа администрација на управување со отпад.

1.2 Подигнување на свеста и активности за односи со јавноста.

1.3 Управување со информациите.

1.4 Мориторинг и надзор на интегрираното управување со отпад.

## Методологија за пресметување на цента за управување со комуналниот отпад 4

**видовите на услуги за кој се утврдува цена со обезбедување на целосен поврат на средствата**

1. Услуги за собирање на отпад ;

2. Отстранување со отпад и

3. Грижа откако депонијата ќе престане да работи

Цената за услугата се утврдува врз основа на капиталните и оперативните трошоци за вршење на услугата.

1. Под капитални трошоци се подразбираат следните трошоци за земјиште, набавка на машини и постројки (специјални комунални возила, кипери, градежни машини и др.), опрема и садови за отпад (канти, контејнери итн.)

2. Под оперативни трошоци се подразбираат трошоците за секојдневно работење и одржување на системот за управување со отпад. Оперативните трошоци се делат на фиксни и варијабилни.

## Методологија за пресметување на цента за управување со комуналниот отпад 5

**Оперативните трошоци се делат на фиксни и варијабилни.**

Фиксните трошоци не зависат од количините на собран отпад и ги вклучуваат следните трошоци:

1. трошоци за работна сила вклучувајки ги нето платите, пензиите и придонесите за фондови и шеми поврзани со плата (осигурување, пензии и др.), како и даноци за плата.
2. трошоци за изнајмување на машини, опрема и постројки
3. трошоци за лизинг
4. трошоци за одржување за одржување на машини и постројки
5. административни трошоци (управување со персоналот, обука на персоналот, тренинг, раководствени системи, инспекција и ревизија).

Варијабилните трошоци зависат од количините на собран отпад и ги вклучуваат следните трошоци:

1. гориво за транспортните средства и за која било опрема која користи гориво
2. електрична енергија за било која опрема што работи на електрична енергија
3. вода
4. трошоци за отстранување на комунален отпад
5. останати материјални трошоци (заштитна опрема, канцелариски материјал, средства за хигиена, средства за дезинфекција и останати материјали неопхогни за вршење на дејноста).

## Методологија за пресметување на цента за управување со комуналниот отпад 6

Варијабилните трошоци зависат од количините на собран отпад и ги вклучуваат следните трошоци:

1. гориво за транспортните средства и за која било опрема која користи гориво
2. електрична енергија за било која опрема што работи на електрична енергија
3. вода
4. трошоци за одржување на опремата за отстранување на комунален отпад
5. останати материјални трошоци (заштитна опрема, канцелариски материјал, средства за хигиена, средства за дезинфекција и останати материјали неопхогни за вршење на дејноста).

## Методологија за пресметување на цента за управување со комуналниот отпад 7

**Собирање на отпад од правни лица и од домаќинства 1**

Во делот на физичките лица (домаќинства) постојат три категории на корисници на услуги:

1. индивидуални станбени единици
2. колективни станбени единици
3. домаќинства во рурални средини

Кај индивидуалните и колективните станбени единици единица мерка за цената на услугата може да биде: ден./м3 и ден/кг.

## Методологија за пресметување на цента за управување со комуналниот отпад 8

**Собирање на отпад од правни лица и од домаќинства 2**

Во делот на правни лица постојат три категории на корисници на услуги и тоа:

1. големи правни субјекти (производствени капацитети, трговски центри, фабрики, банки, хотели, осигурителни компании, стоваришта и др. ) за кои единица мерка за цена на услугата може да биде ден/kg и ден/m3.

2. мали правни субјекти (маркети, колонијали, канцеларии, угостителски објекти, кафиќи и др.) , категоризирани врз основа на вид и количина на создаден отпад единица мерка за цена на услугата може да биде ден./м2.

3. Училишта, градинки, здравствени објекти, пензионерски домови, верски објекти и друго, за кои единица мерка за цената на услугата може да биде ден/kg и ден/m3.

## Методологија за пресметување на цента за управување со комуналниот отпад 9

**Отстранување со отпад**

Отстранување на отпад во санитарни депонии

Цената на услугата се утврдува врз основа на капитални и оперативни трошоци за вршење на услугата, согласно членовите 89 и 90 од Законот за управување со отпад и листата на видови на отпад (група 20), определени во тарифник.

Единица мерка за цената за вршење на услугата е ден/кг или ден/тон

## Методологија за пресметување на цента за управување со комуналниот отпад 10

**Грижа откако депонијата ќе престане да работи**

Трошоците за грижа откако депонијата ќе престане да работи може да се повратат преку додавање на еднаква цена на влезната цена на депонијата која е во работа. Алтернативно може да се направи и сите услужени создавачи на отпад (домаќинства и правни лица) да придонесат со еднакво учество на трошокот без оглед на поединечните услуги, како и трошокот да биде финансиран од буџетите на Општините .

**Чистење на т.н. диви депонии и сл.**

Сите создавачи на отпад кои се услужуваат (домаќинства и правни субјекти) придонесуваат со еднакво учество во овие трошоци без оглед на поединечните услуги.

## Методологија за пресметување на цента за управување со комуналниот отпад 11

Службен весник на РМ, бр. 30 од 26.2.2013 година

**20130300677**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**

Врз основа на член 121 став 9 од Законот за управување со отпадот („Службен весник на Република Македонија" бр. 68/04, 07/07, 102/08, 143/08, 124/10, 51/11 и 123/12), министерот за животна средина и просторно планирање донесе

**МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ЦЕНАТА ЗА СОБИРАЊЕ, ТРАНСПОРТИРАЊЕ И ОТСТРАНУВАЊЕ НА ОТПАД**

## Методологија за пресметување на цента за управување со комуналниот отпад 12

FT15245632172021 2638 0815

**Фактура број: 950012546448082015 4** 08/2015 **Рок на плаќање: 20/09/2015**

| | |
|---|---|
| Основица за наплата за потрошена вода (без ДДВ) | 146.95 |
| Износ за ДДВ (5%) | 7.35 |
| Фонд за вода | 1.73 |
| Камата за вода | 0.00 |
| **Вкупно за наплата вода** | **156.00** |
| Основица за наплата за смет (без ДДВ) | 201.04 |
| Износ за ДДВ (5%) | 10.05 |
| Камата за смет | 0.00 |
| **Вкупно за наплата смет** | **211.00** |
| Основица за наплата за дополнителни услуги (без ДДВ) | 0.00 |
| Износ за ДДВ | 0.00 |
| Камата за дополнителни услуги | 0.00 |
| **За наплата дополнителни услуги** | **0.00** |
| **Вкупен износ на фактура** | **367.00** |

РЕДОВНА УПЛАТА, ВИ БЛАГОДАРИМЕ

## Методологија за пресметување на цента за управување со комуналниот отпад 13

4 денари по м2 во Скопје

за услуга собирање на отпад каде е вклучена и

610 ден/тон  услуга депонирање

**Просечна плата во РМ за 2013 е 21 132 ден.**

Табела 3-43: Тарифи во општините на Североисточниот регион, 2013 година

| | Приватни лица | | | Деловни институции | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Општина/надоместок | Индивидуална станбена единица | Колективни објекти | Домаќинство во село | Големи правни лица | Мали правни лица | Училишта / градинки |
| Кратово | 0,8 ден./$m^2$/годишно | 1,2 ден./$m^2$/годишно | 0,8 ден./$m^2$/годишно | 2 ден./$m^2$ За корисна површина 1 ден/$m^2$ дворно место | Непознато | 2 ден/$m^2$ за користена површина и 1 ден./$m^2$ за дворно место |
| Ранковце | 153,4 ден./месечно | | | површина над 1000 $m^2$ - 1, 18 ден./$m^2$ | површина под 1000 $m^2$ - 14,2 ден./$m^2$ | Површина над 1000 $m^2$ - 1,18 ден./$m^2$ површина под 1000 $m^2$ - 14,2 ден./$m^2$ |
| Крива Паланка | 230 ден./ месечно | 230 ден./ месечно | 230 ден./ месечно | 1,0 ден./$m^2$/годишно | 16-18 ден./$m^2$/годишно | 1,0 ден./$m^2$/годишно |
| Старо Нагоричане | Непознато | / | / | / | / | / |
| Липково | 150 ден./ месечно | / | 150 ден./ месечно | / | 300 ден./ месечно | 500 ден./ месечно |
| Куманово | 3 ден./$m^2$/годишно- станбен објект; 0,3 ден./$m^2$/годишно – дворно место | 3 ден./$m^2$/годишно –станбен објект | 182 ден./месечно | 1,9 ден./$m^2$/годишно за фабрики; 0,5 ден./$m^2$/годишно – дворно место | 0,5 ден./$m^2$/годишно – дворно место | 10 ден./$m^2$/годишно; 0,5 ден./$m^2$/годишно - дворно место |

Table 3-29: Tariffs in the Municipalities of East region, 2013

| | Individuals | | | Businesses institutions | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Municipality/Fees | Individual residental unit | Collective Facilities | Household in villages | Large entities | Small entities | Schools / kindergartens |
| Berovo | 200 MKD/month | 200 MKD/month | 200 MKD/month | 4.31 MKD/$m^2$/year | 9 MKD/$m^2$/year | 2.61 MKD/$m^2$/year |
| Cesinovo-Oblesevo | 100 MKD / month | | 100 MKD / month | 300-600 MKD/month | | 300 MKD / month |
| Delcevo | 2.1 MKD/$m^2$/year | 2.1 MKD/$m^2$/year | | 4.0 MKD/$m^2$/year | 4.0 MKD/$m^2$/year | 3.0 MKD/$m^2$/year |
| Karbinci | N/A | N/A | N/A | N/A | N/A | N/A |
| Kocani | 1.8 MKD/$m^2$/year and 0.5 MKD/$m^2$/year - courtyard | 1.8 MKD/m2/year and 0.5 MKD/$m^2$/year - courtyard | 100 MKD / month | 3.5 MKD/$m^2$/year and 1.5 MKD/$m^2$/year - courtyard | 6.3 MKD/$m^2$/year | 3.5 MKD/$m^2$/year and 1.5 MKD/m2/year - courtyard |
| Makedonska Kamenica | N/A | N/A | N/A | N/A | N/A | N/A |
| Probistip | 2.4 MKD/$m^2$/year | 1 MKD/$m^2$/year | N/A | 5 MKD/$m^2$/year | 5 MKD/$m^2$/year | 5 MKD/$m^2$/year |
| Pehcevo | 84 MKD/month or 5.46 MKD/$m^2$/year | N/A | no charge | 5.46 MKD/$m^2$/year | 84 MKD/month or 5.46 MKD/m2/year | 2.73 MKD/$m^2$/year |
| Stip | 1.1 MDK/$m^2$/month for used area and 0.14 MDK/$m^2$/month for courtyard | N/A | N/A | 1.8 MKD/$m^2$/month and 0.3 MKD/$m^2$/month - courtyard | 6.8 - 13.8 MKD/$m^2$/month and 0.3 MKD/$m^2$/month - courtyard | 0.8 MKD/$m^2$/month |
| Vinica | For usable living area from 60$m^2$ to 120$m^2$ - 2.80 MKD/$m^2$/year | no charge | For usable living area from 60$m^2$ to 120$m^2$ -2.80 MKD/$m^2$/year 100-150 MKD/month/building 2.80 MKD/$m^2$ monthly | 8 MKD/$m^2$/month and 1.5 MKD/$m^2$/month - courtyard | | 8 MKD/$m^2$/month and 1.5 MKD/$m^2$/month - courtyard |
| Zrnovci | N/A | N/A | 100 MKD / month | 1000-2000 MKD/month | 300-500 MKD/month | N/A |

Благодарам за вниманието!

A.Karanfilova@moepp.gov.mk